# СТУДИСКА ПРОГРАМА

## за последипломски магистерски студии по ПЕДАГОГИЈА

На Институтот за педагогија се организираат два вида последипломски студии: (1) во областа на педагошките науки и (2) по администрација и управување во образованието (менаџмент во образованието). Студиите се организираат врз основа на Европскиот кредит трансфер систем, со задолжителни предмети, изборни групи предмети и изборни предмети.

**Траење на студиите и кредити:**

Наставата, испитите и другите активности на постдипломските студии по педагогија се одвиваат во три семестри, додека четвртиот е наменет за изработка на магистерскиот труд. Кредитите се распределени рамномерно по семестри. За да пристапи кон изработка на магистерскиот труд кандидатот е должен да собере 90 кредити. Магистерскиот труд се вреднува со дополнителни 30 кредити или вкупно, со завршување на последипломските студии кандидатот освојува 120 кредити.

**Финансирање:**

Последипломските студии по педагогија се реализираат со самофинансирање на студентите.

| Код | I. Задолжителни предмети | часови | кредити | семестри | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ФПЕ110 | Педагошки правци и учења во XX век | 45 | 15 | 1 | | |
| ФПЕ120 | Воспитно-образовен процес | 45 | 15 | 1 | | |
| ФПЕ130 | Планирање на научното истражување | 45 | 10 | | | 3 |

**II. Изборни групи предмети**

| Код | 1. Теорија на воспитанието | часови | кредити | семестри | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ФПЕ210 | Општеството, индивидуата, воспитанието | 45 | 10 | | 2 | |
| ФПЕ212 | Образование за развој | 45 | 10 | | 2 | |
| ФПЕ214 | Воспитание за слободно време | 15 | 5 | | | 3 |
| | **2.Компаративно образование** | **часови** | **кредити** | **семестри** | | |
| ФПЕ220 | Компаративно проучување на образованието | 45 | 10 | | 2 | |
| ФПЕ222 | Современи образовни системи | 45 | 10 | | 2 | |
| ФПЕ224 | Образовен систем на РМ | 15 | 5 | | | 3 |
| | **3. Дидактика** | **часови** | **кредити** | **семестри** | | |
| ФПЕ230 | Современа образовна технологија | 45 | 10 | | 2 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ФПЕ232 | Развој на курикулум | 45 | 10 | | 2 | |
| ФПЕ234 | Евалуација на образованието | 15 | 5 | | | 3 |
| | **4. Предучилишно воспитание** | **часови** | **кредити** | **семестри** | | |
| ФПЕ240 | Современи тенденции во предучилишното воспитание | 45 | 10 | | 2 | |
| ФПЕ242 | Развој на предучилишен курикулум | 45 | 10 | | 2 | |
| ФПЕ244 | Воспитание и социјализација на предучилишните деца | 15 | 5 | | | 3 |
| | **5. Образование на возрасни** | **часови** | **кредити** | **семестри** | | |
| ФПЕ250 | Стручно образование и обука | 45 | 10 | | 2 | |
| ФПЕ252 | Компаративна андрагогија | 45 | 10 | | 2 | |
| ФПЕ254 | Истражување на образовните потреби | 15 | 5 | | | 3 |

**III. Изборни предмети** (се избираат два предмети)

| **Код** | **Изборни предмети** | **часови** | **кредити** | **семестри** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ФПЕ410 | Училиштето, семејството и локалната заедница | 15 | 5 | | | 3 |
| ФПЕ412 | Образовни реформи во Европската унија | 15 | 5 | | | 3 |
| ФПЕ414 | Педагошки менаџмент | 15 | 5 | | | 3 |
| ФПЕ416 | Ефективно училиште | 15 | 5 | | | 3 |
| ФПЕ418 | Управување на квалитетот на образованието | 15 | 5 | | | 3 |
| ФПЕ420 | Образование и културна анимација во рурални средини | 15 | 5 | | | 3 |
| ФПЕ422 | Игровни активности и техники | 15 | 5 | | | 3 |
| ФПЕ424 | Акциони истражувања во образованието | 15 | 5 | | | 3 |
| ФПЕ426 | Статистички методи | 15 | 5 | | | 3 |
| ФПЕ428 | Странски јазик | 15 | 5 | | | 3 |

**Семинарски работи и др.**

Студентите имаат обврска да изработат проект за истражување по предметот Планирање на научното истражување како услов за полагање на испитот.

Во рамки на изборните групи предмети, студентите се должни да изработат една семинарска работа и еден есеј.

Проектот за истражување, семинарската работа и есејот носат по 5 кредити, или вкупно 15.

**Научно звање:**
Кандидатите кои ќе ги завршат студиите и ќе ја одбранат магистерската теза се здобиваат со научен степен *Магистер по педагошки науки*, при што во диплома ќе биде назначена потесната специјалност, согласно изборната група што ја избрал кандидатот.

**Список на наставници кои ќе ја реализираат студиската програма:**

Проф. Д-р Киро Камберски
Проф. Д-р Натка Мицковиќ
Проф. Д-р Благородна Лакинска
Проф. Д-р Марија Костова
Проф. Д-р Марија Тофовиќ-Ќамилова
Проф. Д-р Снежана Адамческа
Проф. Д-р Дивна Лакинска
Проф. Д-р Зоран Велковски
Проф. Д-р Наташа Ангелоска-Галевска
Доц. Д-р Вера Стојановска
Доц. Д-р Анета Баракоска
Доц. Д-р Сузана Миовска -Спасева
Доц. Д-р Лена Дамовска
Доц. Д-р Јасмина Делчева-Диздаревиќ

# СТУДИСКА ПРОГРАМА

## за последипломски магистерски студии по

## МЕНАЏМЕНТ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

Последипломски студии по менаџмент во образованието се организирани согласно Европскиот кредит трансфер систем, со задолжителни и изборни предмети.

**Траење на студиите и кредити:**

Наставата, испитите и другите активности на последипломските студии по менаџмент во образованието се одвиваат во три семестри, додека четвртиот е наменет за изработка на магистерскиот труд. Кредитите се распределени рамномерно по семестри. За да пристапи кон изработка на магистерскиот труд кандидатот е должен да собере 90 кредити. Магистерскиот труд се вреднува со дополнителни 30 кредити или вкупно, со завршување на последипломските студии кандидатот освојува 120 кредити.

**Финансирање:**

Последипломските студии по менаџмент се реализираат со самофинансирање на студентите.

| Код | I. Задолжителни предмети | часови | кредити | семестри | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ФМО110 | Општествена и образовна политика | 30 | 10 | 1 | | |
| ФМО120 | Образовен систем на РМ | 30 | 10 | 1 | | |
| ФМО130 | Образовно законодавство | 15 | 5 | 1 | | |
| ФМО140 | Образовен менаџмент | 45 | 15 | | 2 | |
| ФМО150 | Современи образовни технологии | 30 | 10 | | 2 | |

**II. Изборни предмети** (се избираат два)

| Код | Изборни предмети | часови | кредити | Семестри | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ФМО310 | Истражување на образовните потреби | 15 | 5 | | | 3 |
| ФМО315 | Образовни реформи во Европската унија | 15 | 5 | | | 3 |
| ФМО320 | Управување на квалитетот во образованието | 15 | 5 | | | 3 |
| ФМО325 | Инвестиционен менаџмент во образованието | 15 | 5 | | | 3 |
| ФМО330 | Планирање на истражување | 15 | 5 | | | 3 |
| ФМО335 | Статистика | 15 | 5 | | | 3 |
| ФМО340 | Финансиски извештаи и стандарди во образованието | 15 | 5 | | | 3 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ФМО345 | Стандардизација и сертификација во образованието | 15 | 5 | | | 3 |

| Код | III. Практична работа | часови | кредити | Семестри | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ФМО510 | Во административна дејност | 50 | | | | 3 |
| ФМО515 | Во училиште | 10 | | | | 3 |
| ФМО520 | На факултет | 10 | | | | 3 |
| ФМО525 | Во детска градинка | 5 | | | | 3 |
| ФМО530 | Во ученички дом | 5 | | | | 3 |
| | **Вкупно часови** | **80** | **15** | | | **3** |

**Обврски на студентите:**
Покрај полагањето на испитите, студентот е должен да изработи три писмени труда (по еден во секој семестар): апликативен труд, семинарска работа и есеј.
За секој од писмените трудови студентот добива по 5 кредити, или вкупно 15.

**Научно звање:**
Кандидатите кои ќе ги завршат студиите и ќе ја одбранат магистерската теза се здобиваат со научен степен **магистер по менаџмент во образованието**.

**Список на наставници кои ќе ја реализираат студиската програма:**

Проф. Д-р Киро Камберски
Проф. Д-р Натка Мицковиќ
Проф. Д-р Благородна Лакинска
Проф. Д-р Марија Костова
Проф. Д-р Марија Тофовиќ-Ќамилова
Проф. Д-р Снежана Адамческа
Проф. Д-р Трајан Гоцевски
Проф. Д-р Дивна Лакинска
Проф. Д-р Зоран Велковски
Проф. Д-р Наташа Ангеловска-Галевска
Доц. Д-р Вера Стојановска
Доц. Д-р Анета Баракоска
Доц. Д-р Сузана Миовска -Спасева
Доц. Д-р Лена Дамовска
Доц. Д-р Јасмина Делчева-Диздаревиќ

**Образложение кон студиите за менаџмент во образованието**

Последипломските магистерски студии по **менаџмент во образованието** се организираат на Филозофскиот факултет во Скопје за прв пат. Институтот за педагогија во 2000 година покрена иницијатива за отворање на ваков вид студии на ниво на специјализација, за што доби и согласност од надлежните органи на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј,,. Организирањето на овие студии на магистерско ниво, всушност, претставува реализација на оваа првична иницијатива.

Последипломските магистерски студии по менаџмент во образованието се наменети за оспособување административно-раководен кадар во областа на просветната односно образовната дејност.

Управувањето и раководењето со воспитно-образовните установи, во услови на современиот развиток, стануваат сé посложени и одговорни процеси, за кои се потребни соодветни знаења, умеења и способности.

Развивањето на пазарните односи ги засегаат сите сфери на општествената дејност, па во таа смисла и самото образование. Еден од важните показатели, карактеристичен за современата состојба во образовната дејност во Република Македонија, е зголемувањето на бројот на приватни образовни институци и создавање конкурентност, односно пазар на образовни услуги, во зависност од промените на пазарот на трудот. Ваквата ситуација, сама по себе, ја имплицира потребата од оспособување нов тип управувачки кадри кои ќе умеат да се носат со овие предизвици.

Современите потреби и предизвици бараат од раководителите на образовните институции, на сите нивоа, познавања од три основни компоненти: административна, педагошка (образовни стратегии) и менаџмент. Во таа смисла се концепирани и овие магистерски студии.

Кандидатите што успешно ќе ја завршат оваа магистерска програма, ќе се здобијат со следните компетенции:

- организација и управување во сферата на образовната дејност, како во државните така и во приватните установи;
- иновирање на образовните стратегии и поттикнување нови;
- управување со проектни и маркетингшки истражувања;
- стручни консултански услуги за организација и управување во воспитно-образовната дејност;
- користење на информатички системи на образовниот менаџмент, и др.

Потребата за организирање на овој вид последипломски студии произлегува од фактот што во Република Македонија постојат и работат над 1400 воспитно-образовни установи од предучилишно, основно, средно и високо образование и образованието на возрасните.

Последипломските студии за менаџмент во образованието значително ќе придонесат за поквалитетно ефектуирање на работата на раководните кадри во сферата на образовната дејност, а со самото тоа и на вкупните резултати на планот на остварувањето на образовната политика.